**Одлука бр.37**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на своја редовна електронска седница одржана на 05.03.2026 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

### за измена, дополнување и донесување на Тениските Правила и Прописи за Ветерани

**Член 1**

Со оваа одлука се донесуваат измените и дополнувањата на Тениските Правила и Прописи за Ветерани на ТФСМ. Насловот на правилата и прописите се менуваат и гласи:
Тениски Правила и Прописи за Ветерани и Ветеранки

**Член 2**

Членот 3.2 се дополнува со нова ставка бр.3 која гласи:

„

- Во конкуренција на Ветеранки право на настап имаат сите оние играчи кои во тековната натпреварувачка година полнат 30 години и повозрасни без ограничување на возраста. “

**Член 3**

Членот 4.2 се менува и ќе гласи:

„

Играчите се должни сами да се пријават преку својот профил на платформата: https://igraj.tfsm.mk/tournaments. Сите играчи треба да ја имаат обновено регистрацијата за тековната година како би можеле да се пријавуваат на турнирите од календарот на ТФСМ. “

**Член 4**

Дел од членот 5.1 се менува и ќе гласи:

„

Уплатените средства за пријава на учество на турнир се неповратни и за ненавремена одјава ке следат санкции согласно овие правила и прописи.”

**Член 5**

Дел од членот 8.2 се менува и ќе гласи:

„

Играчот меѓу два поединечни меча има право на одмор од 120 минути, освен ако играчите не се договорат поинаку во консултација со делегатот на турнириот.

- одморот меѓу два меча во двојки ќе биде најмалку 30 минути.

Ако условите налагаат во ист ден да се играат полуфиналните и финалните натпревари, тогаш одморот меѓу двата натпревари не може да биде пократок од 120 минути, освен ако играчите не се договорат поинаку во консултација со делегатот на турнириот.”

**Член 6**

Членот 15.1 се менува и ќе гласи:

„

Ранг-листата за Ветерани и Ветеранки на ТФСМ се базира врз пласманот на играчите на поединечните натпревари, Бројот на поените што се добиваат во зависност од пласманот на турнирот зависат од рангот на турнирот. Ранг-листата ја прикажува актуелната - моментна

натпреварувачка позиција на тенисерите и поради тоа во критериумите за рангирање влегуваат сите резултати постигнати со учество на официјалните натпревари на ТФСМ.

Ранг-листата на ТФСМ ќе го има следниот изглед:

а) Во горниот дел: за која конкуренција и датум на излегување
б) Група 1 (најдобрите 10 натпреварувачи од актуелната ранг - листа)
в) Сите останати (сите натпреварувачи од 11 место па надоле)"

**Член 7**

Членот 17.1 се менува и ќе гласи:

„

Играчот односно Клубот што ќе пријави играч кој е влезен директно во главниот турнир и навреме не го одјави ќе биде казнет според точка 14.4.15 од овие Правила и Прописи."

**Член 8**

Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување и важи до нејзина измена.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 05.03.2026 година

